438 /27.4

До

Националната комисија за учебници при

Министерството за образование и наука на

Република Северна Македонија

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 27-04-2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njesia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 438/2 | | |

ПРЕДМЕТ: Извештај на членот известител доц. д-р Анита Ангелевска за

наставниот предмет по МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за VIII (осмо) одделение во деветгодишното основното образование.

Согласно одлуката на Националната комисија за учебници, донесена на својата седница одржана на -------------------- година, избрана сум за член известител за наставниот предмет МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за VIII (осмо) одделение во деветгодишното основното образование.

По разгледување на материјалите доставени од Педагошката служба при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија по електронски пат на 7.4.2026 година, а согласно член 9 и член 14 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во Службен весник на РСМ, бр. 3 од 3.1.2025 година, го поднесувам следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

за наставниот предмет МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за VIII (осмо) одделение во деветгодишното основното образование.

Врз основа на добиените материјали од Педагошката служба на на МОН:

- Стручно мислење од 18 февруари, 2022, со архивски број 26 - 49/ 51 од Бирото за развој на образование

- мислење на рецензентската комисија од 16 април, 2026 со архивски број 26-350/15, за учебници по предетот МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за VIII (осмо) одделение во деветгодишното основното образование, ги наведувам нивните мислења:

Во мислењето на БРО, каде се потпишани д-р Марина Димитриевска советник, м-р Јанко Билбилоски советник, Оливера Тодороска советник и м-р Гордана Здравевска-Томеска советник стои: ракописите за учебник по предметот МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за VIII (осмо) одделение во деветгодишното основното образование со шифра 1,2,3,4 стои дека ракописите со шифра 1,2,3 добиваат позитивно мисење, а ракописот со шифра 4 добива негативно мислење.

Во мислењето на резензентската комисија во состав проф. д-р Венко Андоновски - претседател и членовите проф. д-р Славива Велева и д-р Александра Лазаревска, а до која се испратени три учебници со шифра 1,2,3 стои детално образложение за квалитетот на сите учебници, со тоа што рецензентската комисија е едногласна околу квалификативите за ракописот со шифра број 2 дека е најдобар како „најкомплетен, најзаокружен, теретски најточен, стилски разбирлив (во најголемот дел), со многу табели во кои и графички се покачуваат разликите меѓу поимите, целосно приспособен и кон програмата и (со исклучок на некои места) кон возраста на ученикот.. со еден збор тоа е учебник зад кој комисијата застанува безбрезервно“, но со НАПОМЕНА дека стои на располагање со својата листа на сугестии, овој ракопис да биде подобрен и вратен со нов графички дизајн и со некои други технички поправки.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

**Согласно горе наведеното: мислењата на Бирото за развој на образованието и на Рецензентската комисија, на членовите на Националната комисија за учебници како член известител за наставниот предмет за VIII (осмо) одделение во деветгодишното**

основното образование. им предлагам **ДА ГИ ПРИФАТИ ИЗВЕШТАИТЕ НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА; РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК ПО ПРЕДМЕТОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за VIII (осмо) одделение во деветгодишното основното образование со шифра број 2, ДА ГО ПРИФАТИ - УСЛОВНО, НО ПОВТОРНО ДА ГО РАЗГЛЕДА ОТКАКО ЌЕ БИДАТ ВНЕСЕНИ СУГЕСТИИТЕ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА.**

Скопје, 27.4.2026 година

Известител,

доц. д-р Анита Ангелевска